| | | Стр. |
|---|---|---|
| 796. | **Лиценца** за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб | **61** |
| 797. | **Изменување на лиценца** под бр.19-5301/1 од 4.09.2007 година издадена на Друштвото за трговија и услуги „Фламинго“ ДОО Скопје за постојано приредување на посебни игри на среќа во автомат клуб | **61** |
| 798. | **Исправка** за Решението за именување член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Штип | **62** |
| 799. | **Одлука** за избор на судија на Основен суд Битола | **62** |
| 800. | **Одлука** за избор на судија на Основен суд Велес | **62** |
| 801. | **Одлука** за избор на судија на Основен суд Делчево | **62** |
| 802. | **Одлука** за избор на судии на Основен суд Гостивар | **62** |
| 803. | **Одлука** за избор на судии на Основен суд Кичево | **62** |
| 804. | **Одлука** за избор на судии на Основен суд Струга | **63** |
| 805. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **63** |
| 806. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **63** |
| 807. | **Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности | **63** |
| 808. | **Исправка** на Решението за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности 09-4071/1 од 16.03.2010 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2010 година | **63** |
| 809. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата | **64** |
| 810. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата | **64** |
| | **Огласен дел** | **1-32** |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**758.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 март 2010 година.

Бр. 07- 1393/1
25 март 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008), во членот 32 став (1) по првата реченица се додава нова реченица која гласи: „Изјавата може да биде поднесена во писмена форма или во електронска форма преку едношалтерскиот систем во согласност со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, Законот за Централниот регистар на Република Македонија и прописите за едношалтерски систем.“

Член 2

Во членот 386 ставот (3) се менува и гласи:

„Во одлуката за свикување на собранието од ставот (2) на овој член судот наложува свикување на собранието и преземање на конкретни дејствија што се неопходни за остварување на целите заради коишто се свикува собранието, вклучувајќи и назначување лице кое ќе го свика собранието. Лицето назначено од судот го одредува времето и местото на одржување на собранието, датумот за евиденција на акционерите кои имаат право на глас и поднесува барања до акционерското друштво кое котира на берза, односно друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување за објава на свикувањето на собранието на официјалната интернет страница на друштвото и на официјалната интернет страница на берзата на која котираат акциите на друштвото, како и другите потребни дејствија за успешно свикување и одржување на седница на собранието на друштвото. Акционерското друштво и берзата се должни без одлагање и навремено да ги исполнат сите потребни барања согласно со одредбите на овој закон за свикување седница на собрание и негово објавување на интернет упатени до нив од лицето кое го свикува собранието. Лицето за преземање на дејствијата за свикување на собрание може да користи и адвокатски услуги.“

Во ставот (5) по зборовите: „судските трошоци“ се додаваат зборовите: „и трошоците за адвокатски услуги од ставот (3) на овој член“.

Член 3

Во членот 387 ставот (3) се менува и гласи:

„Јавниот повик за одржување на седница на собранието се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Друштво чии акции котираат на берза и друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, треба да ја објават содржината на јавниот повик и на насловната страница од својата официјална интернет страница, а кога нивните акции котираат на берза да ја поднесат за објавување и на интернет страницата на берзата.“

По ставот (6) се додаваат три нови става (7), (8) и (9), кои гласат:

„(7) Собранието може да донесе одлука за свикување на седница на собрание која не е редовна годишна седница на еден од начините пропишани во ставот (1) на овој член во рок кој не може да биде подоцна од четиринаесеттиот ден пред денот на кој треба да се одржи седницата на собранието, ако друштвото има воспоставено или користи електронски систем со кој му се овозможува на секој акционер електронски да гласа. Одлуката за свикување на седница на собрание, собранието на друштвото ја донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на собрание и рокот за нејзиното важење не може да биде подоцна од одржувањето на првото наредно годишно собрание на друштвото.

(8) Ако седницата на собранието која била свикана на начин како што е пропишано во ставот (7) од овој член нема да се одржи поради немање кворум, во рок кој не е подолг од 15 дена од денот на којшто требало да се одржи уредно свиканата седницата на собранието, се закажува нов датум за одржување на собранието (одложена седница на собрание). Свикувањето на одложената седница на собранието, како и секое наредно свикување може да биде во рок којшто е различен од рокот определен во ставот (7) на овој член под услов да не е ставена нова точка на дневниот ред и ако изминале најмалку десет дена од датумот кога е извршено последното свикување и датумот кога требало да се одржи седницата на собранието.

(9) Трошоците за објавување на јавниот повик, односно за испраќање на поканите за свикување на седница на собранието на друштвото, паѓаат на товар на друштвото.“

Член 4

По членот 388 се додаваат два нови наслови и два нови члена 388-а и 388-б, кои гласат:

„Содржина на поканата, односно на јавниот повик кај друштво чии акции котираат на берза, односно кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување

Член 388-а

(1) Во јавниот повик, односно во поканата за одржување на седница на собрание на друштво чии акции котираат на берза, односно седница на собрание на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување се означува датумот и часот на одржување на седницата, се наведува местото на одржување на седницата и се прикажува предложениот дневен ред на седницата на собранието.

(2) Јавниот повик, односно поканата за одржување на седница на собрание кај друштвата од ставот (1) на овој член содржи опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на собранието, а особено за тоа како:

1) акционерите можат да вклучат точки во дневниот ред на собранието и да предлагаат одлуки со информација за тоа како истото можат да го прават откако ќе им се достави поканата, односно откако ќе се објави повикот, како акционерите можат да поставуваат прашања до друштвото за точките од дневниот ред на седницата на собранието и со информација за рокот до кој тоа можат да го сторат. По исклучок, јавниот повик, односно поканата може да ги содржи само последните рокови до кои може да се предлагаат точки на дневниот ред, поставуваат прашања, односно да се предлагаат одлуки ако во поканата, односно во јавниот повик е наведена официјалната интернет страница на друштвото со упатување дека на истата можат да се најдат детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите;

2) се одвива постапката за гласање преку полномошник, како ќе им се направат достапни обрасците за гласање преку полномошник на акционерите кога друштвото има подготвено такви обрасци и информација за тоа како друштвото е подготвено да ги прими електронски известувањата од страна на акционерите за дадени овластувања на полномошници и

3) се одвива постапката за гласање со кореспонденција или електронски кога друштвото овозможува такво гласање.

(3) Во јавниот повик, односно во поканата за одржување на седница на собрание на друштвото од ставот (1) на овој член треба да биде наведена адресата на официјалната интернет страница на друштвото на која ќе бидат достапни информациите од членот 388-б на овој закон.

Информации кои треба да се објават на интернет страницата кај друштво чии акции котираат на берза, односно кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување за време на свикување седница на собрание на друштвото

Член 388-б

(1) Во период кој не може да започне подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржување на седница на собранието на друштвото, како и на денот на одржувањето на седницата на собранието, друштвото чии акции котираат на берза, односно друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување на својата интернет страница ги објавува најмалку следниве информации:

1) содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница на собрание на друштвото;

2) вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, односно на денот на испраќање на поканата, вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа;

3) документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на собранието на друштвото;

4) предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на собранието на друштвото;

5) предложените одлуки од акционерите кои друштвото веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави и

6) обрасците за гласање преку полномошник и обрасците за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите. Во случај ако друштвото на акционерите не им ги направи обрасците достапни за електронско преземање од неговата интернет страница, тогаш на истата страница друштвото објавува како обрасците можат да се добијат во писмена форма и на свој трошок, а по барање на акционер, ги доставува обрасците.

(2) Во случај ако се свикува седница на собрание на друштвото врз основа на членот 387 став (7) од овој закон, а јавниот повик е објавен, односно поканата е испратена подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржувањето на седницата, рокот од ставот (1) на овој член се утврдува согласно со членот 387 став (7) од овој закон.“

Член 5

Во членот 390 ставот (4) се менува и гласи:

„Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка. Предлагањето точки на дневен ред друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.“

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото. Предлагањето одлуки друштвата можат да го овозможат да се врши со електронски средства.“

Ставот (5) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието коешто е свикано и/или предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до органот на управување на друштвото, односно до свикувачот на собранието назначен од судот во согласност со овој закон во рок од осум дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието на друштвото.“

Во ставот (6) кој станува став (7) бројот „(5)“ се заменува со бројот „(6)“.

Во ставот (7) кој станува став (8) бројот „(5)“ се заменува со бројот „(6)“, а бројот „(6)“ се заменува со бројот „(7)“.

По ставот (8) кој станува став (9) се додава нов став (10), кој гласи:

„(10) Таму каде што остварувањето на правото на акционерите од ставовите (4) и (5) на овој член повлекува измена на дневниот ред на седницата на собрание кој веќе им е доставен/објавен на акционерите, друштвото го става на располагање ревидираниот дневен ред на истиот начин, како и претходниот дневен ред пред датумот на одржувањето на седницата на собранието на друштвото. Ревидираниот дневен ред е уредно ставен на располагање ако акционерите можат навремено да овластат полномошници или да гласаат со кореспонденција.“

Член 6

По членот 391 се додаваат два нови наслови и два нови члена 391-а и 391-б, кои гласат:

„Учество на акционерите на седница на собрание со електронски средства кај друштво чии акции котираат на берза, односно друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување

Член 391-а

(1) Друштво чии акции котираат на берза и друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување можат да им овозможат на акционерите најмалку еден од следниве начини за учество на седница на собрание на друштвото со електронски средства:

1) директен пренос на собранието;

2) двонасочна аудио и видео комуникација во живо, која на акционерите им овозможува да се обраќаат на собранието од кое било оддалечено место и

3) електронски средства за гласање, пред или за времетраење на собранието и без потреба од овластување полномошник кој физички би присуствувал на седницата.

(2) Друштвата од ставот (1) на овој член кои на акционерите им овозможуваат да учествуваат на седница на собранието на друштвото на начин како што е пропишано во ставот (1) од овој член мора да имаат воспоставено систем за електронска регистрација и евиденција на акционерите заради нивна идентификација и зачувување на безбедноста на електронската врска при учество на акционерите на собрание на некои од начините пропишани со ставот (1) на овој член и притоа не смеат да бараат од акционерите да поднесуваат документи заверени кај нотар или потврдени од друг домашен или странски надлежен орган.

(3) Друштвата од ставот (1) на овој член се должни на свој трошок да обезбедат овластен судски преведувач од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик онаму каде што учество на седница на собрание имаат најавено акционери кои не се државјани на Република Македонија.

Право на поставување прашања

Член 391-б

(1) Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

(2) Друштвото преку свој овластен орган или застапник е должно да одговори на прашањата што му ги поставуваат акционерите.

(3) Правото да се поставуваат прашања од акционерите и обврската на друштвото да одговори на поставените прашања може да биде претходно условено од потребата да се потврди личниот идентитет на акционерите кои поставиле прашања, одржувањето на ред во заседавањето и работата на собранието, или преземање активности за зачувувањето на доверливоста во работењето и деловните интереси на друштвото.

(4) Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина.

(5) Прашањата поставени од акционерите се сметаат дека се одговорени ако одговорите се достапни на интернет страницата на друштвото во формат на прашање и одговор.

(6) Друштвото чии акции котираат на берза и друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно одговорите на поставените прашања на седница на собранието на друштвото да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.“

Член 7

Членот 392 се менува и гласи:

“(1) Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на собрание на друштво (во натамошниот текст: полномошник), коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име. Полномошникот ги ужива истите права, како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на собранието на друштвото.

(2) Акционерот мора да го информира акционерското друштво по писмен пат за назначувањето на свој полномошник на седница на собрание на друштвото.

(3) Онаму каде што полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното.

(4) Ако со овој закон поинаку не е пропишано, овластување на полномошник на седница на собрание на друштвото се дава во писмена форма и заверено на нотар.

(5) Кај друштво чии акции котираат на берза, односно друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување овластување на полномошник на седница на собрание на друштвото се дава на начин како што е пропишано во членовите 392-б и 392-в од овој закон.

(6) Полномошно може да се даде само за една седница на собранието на друштвото.

(7) Полномошникот може да добие овластување од еден или повеќе акционери и бројот на акционери кои можат да овластат исто лице за полномошник не е ограничен.

(8) Полномошникот мора да води запис за добиените инструкции за гласање ако имало такви и да ги чува најмалку една година од денот на одржувањето на седницата на собранието на друштвото на која тој учествувал и гласал, како и да потврди дека ги извршил тие инструкции ако тоа му го побара друштвото или акционерот од кого добил овластување.

(9) Кога полномошникот е ополномоштен од неколку акционери, тој може да дејствува и да гласа за одреден акционер поинаку отколку за друг акционер.

(10) Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на седницата на собранието со сите акции кои ги поседува и изјави самиот дека ќе расправа, одлучува и гласа со сите акции кои ги поседува, се смета дека полномошното за таа седница на собрание на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува лично и без ограничување.“

Член 8

По членот 392 се додаваат три нови наслови и три нови члена 392-а, 392-б и 392-в, кои гласат:

„Конфликт на интерес кај полномошникот

392-а

(1) Друштвото не смее да ги ограничува лицата да бидат полномошници на собрание, освен кога кај нив постои состојба на конфликт на интерес во смисла на ставот (2) од овој член.

(2) Состојба на конфликт на интерес постои кога има ризик лицето да има интерес поинаков од интересот на акционерот од кого добило овластување да биде негов полномошник, а особено во случај кога лицето е:

1) член на органот на управување, односно член на органот на надзор на друштвото, вклучително и членовите на неговото потесно семејство;

2) раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;

3) член на органот на управување, односно на органот на надзор, вработен или овластен ревизор на поврзани или зависни друштва со друштвото, вклучително и членовите на неговото потесно семејство;

4) застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштво или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото и

5) вработен или овластен ревизор во друштвото.

(3) Во случај кога постои конфликт на интерес во смисла на одредбите од ставот (2) на овој член, лицето не може да биде полномошник.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, за полномошник на собрание кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, можат да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интерес во смисла на ставот (2) од овој член, само под услов ако тие:

1) претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и

2) добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на собранието за која им важи полномошното.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член правни лица можат да овластат со полномошно лице кое е член на нивен орган на управување или е вработен кај нив, да учествува и да гласа на седница на собрание.

(6) Секој може да го извести друштвото од ставот (4) на овој член за постоење на конфликт на интерес кај кое било лице кое има добиено полномошно од акционер. Органот на управување или надзорниот одбор на друштвото по добивањето на информација за постоење на конфликт на интерес кај едно лице задолжително мора да ја провери таа информација и да побара од лицето за кое друштвото е известено дека кај него постои конфликт на интерес да му ги обелодени сите информации во врска со можното постоење на таквата состојба.

(7) Друштвото од ставот (4) на овој член без одлагање на својата интернет страница го објавува идентитетот и причините за постоење на конфликт на интерес кај полномошниците.

(8) Полномошното дадено согласно со ставот (4) од овој член на лице кај кое постои конфликт на интерес согласно со ставот (2) на овој член важи од денот кога ќе се објави идентитетот на лицето со причината за постоење на конфликт на интерес на интернет страницата на друштвото.

(9) Дејствијата извршени од полномошници кај кои постоел конфликт на интерес, но истиот не им бил претходно обелоденет на акционерите од кои биле овластени како полномошници, како и на друштвото ќе се сметаат за лица на кои не им е дадено полномошно.

Овластување полномошници по писмен пат кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување

Член 392-б

(1) Акционерите можат да овластат полномошник на седница на собрание на друштвото со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај нотар кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување. Акционерите треба веднаш да го известат друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

(2) Ако друштвото од ставот (1) на овој член има утврдено образец за давање полномошно во писмена форма, тогаш образецот треба да биде испратен на трошок на друштвото лично до секој акционер или да се направи достапен за преземање од интернет страницата на друштвото на начин што акционерите би можеле да го преземат електронски за да го отпечатат, пополнат и потпишат. Кога акционер од која било причина технички не може да го преземе образецот за давање полномошно од интернет страницата на друштвото или ако му бил испратен лично по пошта, а образецот не го примил, тој може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

(3) Друштвото од ставот (1) на овој член е должно да уважи полномошно дадено во писмена форма ако било писмено известено од акционерот давател на полномошното. Друштвото може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на инструкциите за гласање ако такви му се дадени на полномошникот, но не смее да бара полномошното да се завери од нотар или да биде потврдено од домашен или странски надлежен орган како услов за уважување на полномошното, односно инструкциите за гласање.

(4) Одредбите на овој член соодветно се применуваат и на откажувањето на полномошно по писмен пат.

Овластување полномошници по електронски пат кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување

Член 392-в

(1) Акционерите кај друштво чии акции котираат на берза и кај друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување можат да овластат полномошници и/или на истите да им дадат инструкции за гласање на електронски начин.

(2) Друштвата од ставот (1) на овој член се должни на акционерите да им обезбедат користење на електронски систем преку кој акционерите ќе можат да се регистрираат, да овластуваат свои полномошници и на истите да им даваат инструкции за гласање на седницата на собранието на друштвото.

(3) Одредбите од овој член соодветно се применуваат и на откажувањето на полномошно на електронски начин.“

Член 9

По членот 400 се додаваат два нови наслови и два нови члена 400-а и 400-б, кои гласат:

„Гласање со кореспонденција

Член 400-а

(1) Друштвото може да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција пред денот на одржување на собранието.

(2) Друштвото, пред да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција, може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган. Друштвото кое има воспоставено систем на внатрешна евиденција и регистрација на акционерите на кои истиот им е достапен, може да го примени тој систем како средство за идентификација на акционерите.

(3) Гласањето со кореспонденција кое е извршено спротивно на одредбите од ставот (2) на овој член е ништовно.

Отстранување на определени пречки за ефективно остварување на гласачките права

Член 400-б

(1) Физичко или правно лице кое е акционер согласно со одредбите на овој закон може да презема дејства за време на вршењето на неговата дејност за сметка на друго физичко или правно лице (во натамошниот текст: клиент). Лицето кое презема дејства во име на еден или повеќе клиенти, го обелоденува на друштвото идентитетот на секој свој клиент и бројот на акциите чие право на глас го остварува за сметка на секој клиент, како и содржината на овластувањето и инструкциите за гласање ако такви инструкции примил од клиентот. Друштвото не може да бара нотарска заверка или потврда од домашен или странски орган на документите со кои ќе се врши обелоденувањето.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член може да гласа поинаку за едни акции со право на глас од други акции со право на глас за сметка на ист клиент.“

Член 10

По членот 401 се додаваат нов наслов и нов член 401-а, кои гласат:

„Утврдување на резултатите од гласањето

Член 401-а

(1) Друштвото е должно за секоја одлука за која се гласало на седница на собранието на друштвото да го утврди вкупниот број на акции за кои биле дадени важечки гласови, вкупниот број на важечки гласови и делот од основната главнина кој го претставуваат тие и бројот на гласови дадени „за“, „против“ и „воздржан“ за секоја одлука што е предмет на гласање на собранието.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако ниту еден акционер не стави забелешка на гласањето, односно не побара целосен отчет за резултатите од гласањето, друштвото може да ги утврди резултатите од гласањето само до степен потребен за да се прикаже дека потребното мнозинство за секоја одлука е постигнато.

(3) Во рок од 15 дена од денот на одржаната седница на собранието, друштвото чии акции котираат на берза, односно друштвото кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно на својата интернет страница да ги објави резултатите од гласањето на начин како што е пропишано со ставот (1) на овој член.“

Член 11

Во членот 421-а став (1) по зборовите: „новоиздадените акции“ се додаваат зборовите: „од истиот род и класа на акции“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во случај кога друштвото има издадено повеќе родови и класи на акции и ја зголемува основната главнина преку издавање на само еден од родовите и класи на акции, акционерите кои се сопственици на акции од другите родови и класи имаат право на првенство само откако акционерите, кои се сопственици на акциите од истиот род и класа, како и новите акции, ќе го остварат правото на првенство.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 12

По членот 605 се додава нов член 605-а, кој гласи:

„Член 605-а

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво чии акции котираат на берза и на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, ако на својата официјална интернет страница не ги објави податоците определени во членот 387 став (3) од овој закон.“

Член 13

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво чии акции котираат на берза и на друштво кое согласно со Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување, ако на својата официјална интернет страница не ги објави податоците определени во членот 4 со кој се додава нов член 388-б, членот 6 со кој се додава нов член 391-б став (6), членот 8 со кој се додава нов член 392-а став (7) и членот 10 со кој се додава нов член 401-а став (3) од овој закон.

Член 14

Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото ако постапи спротивно на членот 4 со кој се додава нов член 388-а, членот 8 со кој се додаваат членовите 392-б став (3) и 392-в став (2) од овој закон.

Член 15

Одредбите на членот 1 од овој закон со кој се дополнува членот 32 став (1) од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007 и 87/2008), ќе започнат да се применуваат од денот кога Централниот регистар на Република Македонија ќе започне да го применува електронскиот потпис преку едношалтерскиот систем согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и прописите за едношалтерски систем.

Член 16

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Член 17

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHOQËRI TREGTARE

Neni 1

Në Ligjin për shoqëri tregtare ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 28/2004, 84/2005, 25/2007 dhe 87/2008), në nenin 32 paragrafi (1), pas fjalisë së parë shtohet fjali e re si vijon: "Deklarata mund të parashtrohet me shkrim ose në formë elektronike nëpërmjet sistemit njësportel, në pajtim me Ligjin për të dhënat në formë elektronike dhe nënshkrimin elektronik, Ligjin për Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë dhe dispozitat për sistemin njësportel."

Neni 2

Në nenin 386, paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

